Audit Macedonia LLC
since 1995

1/1-10 Anton Popov Street
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2462 063

# Извештај на независниот ревизор

## До Раководството и Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија (ФФМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 Декември 2018 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка.При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ФФМ со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ФФМ. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

GGi
INDEPENDENT MEMBER

Audit Macedonia LLC
since 1995

1/1-10 Anton Popov Street
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2462 063

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи на ФФМ, во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на ФФМ на ден 31 Декември 2018 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 20 Февруари 2019 година

Овластен ревизор,

Тина Нешовска

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител
Димитар Андоновски